# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народната Банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05 и 129/06), а во врска со 46 став 2 од Законот за платниот промет ("Службен весник на РМ" бр.113/07), Советот на Народна банка на Република Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**за доставување на податоци за извршените активности во платниот промет**
**(Службен весник на Република Македонија бр. 146/07)**

1. Со оваа Одлука се пропишува содржината на податоците од платниот промет, кои носителите на платниот промет и правните лица кои не се носители на платниот промет, а се вклучени во работењето на платен систем или вршат други услуги поврзани со плаќања (во натамошниот текст: известувачи), се должни да ги доставуваат до Народна банка на Република Македонија.

2. Известувачите доставуваат месечни податоци за:

   а) Број на трансакциски сметки преку кои се вршат плаќањата по вид на сметка;
   б) Употреба на платни инструменти - број и вредност на остварени трансакции по видови на инструмент; и
   в) Употреба на платежни картички и уреди на кои тие се користат - број на платежни картички во циркулација и број и вредност на остварени трансакции по функција на платежни картички и видови на уред.

3. Покрај месечните податоци од точка 2 од оваа Одлука носителите на платниот промет се должни да доставуваат и дневни податоци за прометот во внатрешниот и надворешниот клиринг.

4. Доставените податоци кои се однесуваат на поединечни известувачи се од доверлив карактер.

5. Гувернерот на Народна банка на Република Македонија со Упатства ги одредува начинот и роковите за доставување на извештаите со податоци од точка 2 и 3 од оваа одлука.

6. Народна банка на Република Македонија податоците ги објавува месечно, во агрегирана форма на интернет страницата на Народна банка на Република Македонија.

7. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2008 година.

8. Со денот на применувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за доставување и дистрибуција на податоци за платниот промет ("Службен весник на Република Македонија" бр. 30/04).

О.бр.02-15/XI-2/2007
29 ноември 2007 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер
м-р **Петар Гошев,** с.р.